Иван Котев

# *ГРОБОТ НА СТРУМА*

## *(Легенда за предавството и проколнатата љубов)*

Богата и крвава е нашата историја. Испишана на карпи и гробови, опеана во песни, свиена во бескраен венец од легенди и преданија. Во нив ќе сретнеме прекрасни херои и јунаци со натприродни особини, борци за слобода кои го жртвуваат својот живот за слободата, девојки кои скокаат во бездната да не бидат жени или слугинки на вековните завојувачи. Нив народот ги возвишува. Но, пее и раскажува и за предавството и за последиците од тој проклет чин.

Таква е легендата за Струма.

Нем сведок за таа легенда е ГРОБОТ НА СТРУМА.

Се наоѓа во близината на селото Баница, на 1-1,5 км. од Струмица.

Богатата Струмичка котлина била еден од бисерите на големата Римска империја. Овде императорот Тибериј изградил дворец што бил ограден со високи и широки ѕидишта стварајќи на тој начин неосвоива тврдина. Тајни и добро скриени подземни ходници овозможувале снабдување со храна и вода во случај на војна и долготрајна опсада. Украс на утврдената царска палата била ќерката на императорот, преубавата Струма. Внимателниот татко многу ја сакал ќерка си, па бил спокоен дека Струма е безбедна во добро утврдениот град додека бил надвор од неговите утврдени ѕидишта поради државнички работи или војна. Така мислел таткото. А Струма?

Во време на отсуство на татка си, Струма со својата свита се шетала низ прекрасната околина. Густите букови и костенови шуми меѓу чии стебла жубореле чиста изворска вода биле вистински рај. Прошетките биле се почести и подолги...

Спокојството на населението и на императорот го нарушиле дивите аварско-татарски орди. На своите степски коњи тие како ветар јуришале на добро извежбаната и храбра римска војска. Уништувале сѐ на што ќе наиделе. Опустеле зелените полиња, поцрвенеле од крв бистрите реки и потоци. Но, тврдината не паѓала. Тибериј морал да добие појачување. Бил снаодлив и опитен воин. Го повикал најхрабриот и највешт коњаник. Му заповедал да ги обрне наопаку потковите на својот коњ, така што кога ќе излезе, траговите да покажуваат дека е влегувано, но никој не излегол од тврдината. Борбите продолжувале и веројатно Тибериј ќе однесел победа, да не се случело нечуено предавство.

Судбината ги замешала своите прсти и Струма се сретнала со водачот на азијатите. Млад, црномурен и со црни како јаглен очи, младиот воин го заробил срцето на убавата принцеза. Од љубовта до предавството не било далеку. Азијатот бил опитен воин. Тој се чудел како опсадениот град дава толку силен отпор.

Била тивка, ѕвездена ноќ над ѕвездениот град. Струма се сретнала со синот на степата. Била како хипнотизирана. На вешто поставените

прашања од водачот на непријателската војска таа наивно одговарала и кажала и раскажала многу за татка си, за војската, за измамата со обрнатите потковици, и, на крајот, за тајниот влез во тврдината. Додека ги држел нежните раце на принцезата во своите огромни мускулести рачишта, тој ковал и сковал план за конечна пресметка.

Преку тајниот влез аваро-татарската војска  влегле во утврдениот град. Започнал невиден колеж. жртвите и на двете страни биле големи, но бројноста и подготвеноста за борба боле на страна на азијатите. Изненадената и на препад нападнатата војска на Тиберие била во понеповолна положба. Тибериј бил изненаден од лукавиот и вешто изведен напад на непријателот. Опитен војсководец и вешт стратег, тој сфатил дека е предаден. А знаел и кој е предавникот. Срцето на таткото препукнало од тага. Лут и бескрајно тажен, навреден и бесен од болка, тој ја проколнал својата ќерка: "Те проколнувам тебе, која до вчера беше мое сонце и смисла на мојот живот! Земја да не те прими. Осум пати да те исфрла, дури деветтиот пат твоето грешно тело да го покрие засекогаш! Проклета да си, издајничке на татка си!"

Времето минувало...Струма умрела. Ја погребале далеку од дворецот што за неа го изградил татко и. Но, од клетва лек нема. Идниот ден наутро го нашле телото на Струма надвор од гробот. И така осум пати... Дури деветтиот пат гробот не ја исфрлил грешната принцеза. Девет пластови земја биле ставени врз неа; девет реда делан бигор го сочинуваат гробот на Струма...

Така вели легендата...